РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Технолошко-технички факултет Велес
Бр.03/1355/1
11.06 2013 год.
Велес

Технолошко – технички факултет Велес

Faculty of Technology and Technical Sciences Veles

Друштво за производство на млечни производи, млеко и трговија на големо и мало
МЛЕКАРА БИСТРА увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 03-13
10.06 2013 год.
КИЧЕВО

Улица:„Петре Прличков" 42, 1400 Велес
Address: "Petre Prličkov" 42, Veles, 1400
E-mail: ttfv@uklo.edu.mk

Факс(Fax): +389 (0)43 211-204
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-202
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-203

# ДОГОВОР ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 10.06.2013 година помеѓу:
1.**Технолошко-технички факултет Велес**, со седиште на ул.„Петре Прличков" бр.42 Велес, претставуван од Деканот доц. д-р Валентина Павлова и
2.**ДООЕЛ Млекара Бистра Кичево**, со седиште на ул.„Индустриска бр.48 Кичево претставувана од директорот Горан Мирчески.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебната соработка помеѓу Технолошко-техничкиот факултет Велес и Млекара Бистра Кичево, за начинот на изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи на студентите од I (прв) циклус студии, а согласно предвидените наставни програми.

**Член 2**

Договарачот Млекара Бистра Кичево се обврзува за потребите на студентите од I (прв) циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет Велес-дисперзирани студии Кичево, да овозможи изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи, во нивни соодветни простории, апаратура и други работи кои се неопходни за стручно и квалитетно изведување на споменатите активности на студентите.

**Член 3**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува за потребите на своите студенти од I (прв) циклус студии, за изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски работи, навремено да го известува договарачот .

**Член 4**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува наместо финансиски надомест за дадените услуги, да го објави логото на договарачот Млекара Бистра Кичево на web страната на факултетот.

**Член 5**

Овој Договор за меѓусебна соработка се склучува на неопределено време, со можност било која договорна страна да го раскине со отказен рок од 30 дена.

**Член 6**

Овој Договор за меѓусебна соработка е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Договорни страни**

| | |
|---|---|
| **Технолошко-технички факултет Велес** | **ДООЕЛ Млекара Бистра Кичево** |
| **Декан** | **Директор** |
| **Доц. д-р Валентина Павлова** | **Горан Мирчески** |